# Заедница за учење во ООУ „Крсте Мисирков“ за време на Code Week Online Bootcamp MOOC

Во периодот од 27.09.2021 до 27.10.2021 се реализираше интензивен онлајн курс посветен на Неделата на кодирање 2021. Во ООУ „Крсте Мисирков“ беше формирана заедница за учење, координирана од наставникот по информатика, во која учествуваа и Марија Бошковска, Анета Придаенкоска, Фросина Алексовска, Анета Топалова, Анета Чаковска и Маријана Богдановска, кои заеднички учествуваа во следење на курсот.

Наставниците во рамки на оваа заедница за учење заеднички работеа на активностите во рамки на курсот и учествуваа во Неделата на кодирање. Соработуваа, учеа едни од други и си помагаа за време на курсот заеднички надминувајќи одредени бариери (јазични, дигитални, во однос на вештини за кодирање итн.)






Уште од самиот почеток на курсот наставниците во заедницата за учење ја имаа целата поддршка од директорот на училиштето и организираа голем број на состаноци, минимум еднаш неделно, со физичко присуство, како и онлајн. За време на онлајн состаноците наставниците заеднички ги поминуваа модулите на курсот а потоа на состаноците со физичко присуство се дискутираше за темите и нивната имплементација. Кога се зпочна со планирање на индивидуални активности, следеа и индивидуални состаноци во училиштето.

Станувaше збор за интензивен, но забавен и интересен курс, а соработката, поддршката и учењето едни од други неминовно доведоа до успех на училишно ниво. Беше исклучително искуство кое го збогати нашето знаење и компетенции за имплементација на активности поврзани со кодирање на часовите на училишно ниво.










Наставниците за време на курсот научија многу нови алатки, стратегии и пристапи за вклучување на кодирањето во различни наставни предмети и самостојно организираа и реализираа голем број на активности. Беше реализирана и заедничка активност за време на Неделата на кодирање: Права и обврски на децата.














Имплементацијата на кодирање во секојдневната настава ќе продолжи и понатаму и сите заедно ќе вклучиме повеќе активности со кодирање на училишно ниво. На овој начин се заедница за учење во поглед на вклучување на кодирањето на часовите во ООУ „Крсте Мисирков“ која секоја година ќе биде се поуспешна.